ДО: КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ИНЖЕНЕРИ

Предлагач: Група Лиценцирани правни субјекти за проектирање, ревизија, изведба и надзор

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Гостивар, март 2019 година

По одржаната осма седица на Управниот одбор на ЗЕЛС на 26 февруари, 2018 година на која беа разгледани повеќе актуелни прашања поврзани со предизвиците на локалната власт а најголемо внимание присутните посветија на разгледување на нацрт верзијата на предлог Законот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, што го подготви Министерството за транспорт и врски и го достави на разгледување до ЗЕЛС. Според најавеното предлогот опфаќа легализација на сите бесправно изградените објекти кои претставуваат градежна и функционална целина, заклучно со 31 декември 2018 година.

Лиценцираните правни субјекти за проектирање, ревизија, изведба и надзор сме алармирани за тоа што е најавено бидејки според дневните случувања се предводи актуелниот Управен одбор на ЗЕЛС, имајки во предвид дека сите правни субјекти од областа предвидени според Законот за градење кои ги обезбедиле сите потребни Овластувања од Комората на Овластени Архитекти и Инженери и Лиценци издадени од Министерство за Транспорт и Врски на Република Северна Македонија.

Покрај тоа што актуелниот Градоначалник на Градот Скопје – Претседател на ЗЕЛС Петре Шилегов најавуваја за транспарентност и вклучување на сите субјекти на изготвувањето на предлог на закон за изменување и дополнување на законот за постапување со бесправно изградени објекти конкретно ништо не се случува на терен.

Имајки во предвид дека со предложените измени сметаме дека е загрзено нашето постоење како субјекти кои не предвидува Законот за градење од член 15 до 36 а ние од друга страна ги имаме обезбедено сите потребни документи и на крај со ова најавуваме деке ке бидеме приморани да ги вратиме Лиценцие и Овластувањата од горeобразложените причини.

Во понатамошниот текст доставуваме покрај предложените измени од ЗЕЛС и Министерството за транспорт и врски и наши конкретни предлози кои сметаме дека треба неопходно да бидат разгледани и вклопени во предлог на закон за изменување и дополнување на законот за постапување со бесправно изградени објекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во законот за постапување со бесправно изградени објекти ( "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 23/2011, 54/201, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 и 31/2016 ), во членот 6 став 2, по алинеа 2 да се додаде алинеа 3, а алинеа 3 ке стане 4, новата додадена алинеа 3 гласи:

''- Идеен проект за утврдување на фактичка состојба на бесправен изграден објект со кој ке биде точно прикажано објектот во сите етажи и изгледи, со што ке се утврди поставеоста на објектот, отворите на објектот односно прозори, врати и балкони према соседните парцели.''

Член 2

Во членот 12 став 1, по алинеа 4 да се додават алинеа 5 и 6, а алинеа 5,6 и 7 ке станат 7,8 и 9, новите додадени алинеи 5 и 6 гласат:

''- Бесправниот објект ги исполнува условите кои се утвредни во Правилникот за стандарди и норативи за урбанистичко планирање во однос на минималниот број на паркинг места за бесправните објекти.

''- Идејниот проект освен за градби за индивидуално домување и јавни објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица содржи и елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и позитивно мислење за изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сезимичка заштита на градбата од увид на бесправно изградениот објект.''

Член 3

По членот 33 се додава нов член 34 кој ке гласи:

''Изменување и дополнување на законот за постапување со бесправно изградени објекти во иднина Собранието ке донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.''